**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-443/6**
**Скопје, 07.07.2005 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА „КИСЕЛА ВОДА„**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на единицата на локална самоуправа Кисела Вода за 2004 година, кои се прикажани на страните од 10 до 12 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Кисела Вода за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Љупчо Димов, градоначалник на општина Кисела Вода, од 01.01.2004 година до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 10, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 14.03. до 19.04.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР, и овластен државен ревизор;
- Катица Николовска - Ревизор;
- Билјана Сурлевска - Ревизор;
- Стојан Николовски - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Не е извршено усогласување на член 81 од Статутот на Општина Кисела Вода со одредбите на член 27 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, дека годишната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа ја донесува Советот до 15 март.

**Препорака:**
Статутот на општина Кисела Вода да се усогласи со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, во делот на роковите за донесување на годишната сметка на буџетот на ЕЛС.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Во сметководствената евиденција на Органот на општината нема воспоставена аналитичка евиденција на приходите, расходите, побарувањата и обврските што е спротивно на Правилникот за класификација на приходите и расходите како и на Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Сметководствената евиденција на органот во 2004 година ја води самостојно единицата на локалната самоуправа иако нема формирано содветна служба.

10.2.2. Спротивно на одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на РМ бр.28/03), не е воведена евиденција на обврските по добавувачи од минати години. Општина Кисела Вода нема искажано обврски во финансиските извештаи за тековната и минатите години а се плаќаат обврски за минати години. Извршените плаќања по основ на расходи во 2004 година 80% се однесуваат на обврски од 2001, 2002 и 2003 година.

**Препорака:**
Да се воведе аналитичка евиденција на побарувањата, обврските, приходите и расходите согласно позитивните законски прописи кои ја регулираат оваа материја.

10.2.3. Општината не располага со сите задолжителни помошни книги пропишани согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за буџетите и буџетските корисници, што е спротивно на член 8 од наведениот закон и член 7 од наведениот правилник.

**Препорака:**
Општината да ги воведе сите помошни книги пропишани со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

10.2.4. Општината нема воспоставен систем на редовна внатрешна сметководствена контрола, што е спротивно на член 17 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Во 2004 година едно лице ја вршело внатрешната контрола и истото го водело и сметководството на Органот – Советник на градоначалникот за финансии.

**Препорака:**
Да се почитуваат одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поточно член 17 и да се воспостави систем на редовна внатрешна сметководствена контрола.

10.2.5. Не е извршен целосен попис на средствата и изворите на средства со состојба на 31.12.2004 година, како и не е извршено усогласување на нивната вредност искажана во сметководството со фактичката состојба, согласно одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
Како и не е извршен попис на паричните средства, побарувањата и обврските поради немање на соодветна евиденција и утврдени состојби.

**Препорака:**

- Да се преземат мерки и активности Комисијата за попис да врши попис на средствата и изворите во согласност со законските прописи, со што ќе се обезбеди усогласување на состојбата на средствата и нивните извори, меѓу фактичката и сметководствената состојба.
- Ревизијата препорачува да се изврши вонреден попис и правилно и реално да се утврди состојбата на постојаните средства.

10.2.6. За фискалната 2004 година не е пресметана амортизација на долгорочните средства спротивно на Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**
Да се пресмета амортизација, да се евидентира во сметководствената евиденција и да се изврши реално проценување на билансните позиции на постојаните средства и изворите на капитални средства.

## 10.3. Неправилности во искажување на приходите и расходите

10.3.1. Ставката Даночни приходи во Билансот на приходи и расходи е преценета за износ од 83.580 илјади денари за колку е потценета ставката Трансфери и донации. Ова од причина што при наплатата на комунален придонес преку цесии и компензации средствата се евидентираат и кај Буџетот и кај Органот како приходи а не како трансфери и донации кај Органот.

**Препорака:**
При наплатата на приходите по основ на комуналии преку цесии и компензации приходи нетреба да се евидентираат и кај Буџетот и кај Органот .

10.3.2. Ставката - Основни плати и наемнини во Билансот на приходи и расходи, во делот на потставката Основни плати- функционери е прецената во вкупен износ од 1.252 илјади денари, за исплатените нето функционерски плати на четири советници на Градоначалникот, на шефот на кабинетот, на секретарот на Советот, за кој износ е потценета потставката Основни плати- работници. Наведеното е спротивно на Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица во Републиката.
Поради непостоење на акт за пресметка на плата на погоре наведените лица, во согласност со критериумите кои важат за органите на Општината, ревизијата не е во состојба да го квантифицира ефектот на претходниот наод врз вишокот на приходи над расходи.
**Препорака:**
При исплатата на платите треба да се почитуваат одредбите од Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица, за лицата кој имаат третман на функционери.

10.3.3. Ставката – Основни плати и наемнини во Билансот на приходи и расходи, во делот на потставката Основни плати- функционери е прецената за износ од 462 илјади денари за исплатената бруто плата на Претседавачот на Советот за кој износ е потценет вишокот на приходи над расходи. Наведеното е спротивно на одредбите од член 44 од Законот за локална самоуправа, според кој наведеното лице не може да има третман на вработено лице во општинската администрација.
**Препорака:**
Да се почитуваат одредбите од Законот за локална самоуправа во делот на член 44 каде јасно е одредено дека Претседавачот на Советот не може да има третман на вработено лице во единицата на локалната самоуправа.

10.3.4. Ставката Надоместоци во Билансот на приходи и расходи е прецената во вкупен износ од 2,044 илјади денари, за кој износ се преценети трошоците а е потценет вишокот на приходи над расходи и тоа:

- за исплатените паушални надоместоци на Секретарот на Советот, во износ од 110 илјади денари;
- за неосновано исплатените надоместоци за шест советници, кои не присуствувале на седниците на Советот во месец мај и септември, во износ од 58 илјади денари;
- за неосновано исплатените надоместоци на Командантот на Штабот за цивилна заштита по решение донесено од претходната Комисија за мандатни прашања, избори, именувања и разрешувања во износ од 110 илјади денари;
- за повеќе исплатени паушални надоместоци на членовите на советот во износ од 1,714 илјади денари во однос на утврденото право во член 100 од Законот за локална самоуправа;
- исплатените надоместоци за храна, превоз и регрес за годишен одмор за Претседавачот на Советот во износ од 52 илјади денари.

**Препорака:**
При исплата на надоместоците да се почитуваат одредбите од Законот за локална самоуправа и другата законска регулатива која ги третира надоместоците.

10.3.5.Ставката Придонеси од плати и персонален данок во Билансот на приходи и расходи е прецената за иснос од 361 илјада денари за платениот персонален данок за предходно споменатите исплати на надоместоци на советниците, Секретарот,

Претседавачот на Советот и Командантот на Штабот. За истиот износ е потценет вишокот на приходи над расходи.

10.3.6. Поради погрешна сметководствена евиденција ревизијата утврди нереално искажување на расходите во Билансот на приходи и расходи, спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за корисниците на буџетите и тоа:

- Ставката Придонеси од плати и персонален данок е преценета за износ од 59 илјади денари, за кој износ е потценета ставката Договорни услуги;
- Ставката Други оперативни расходи е преценета за износ од 11.477 илјади денари а се потценети и тоа: ставката Патни и дневни трошоци за 13 илјади денари; ставката Комунални услуги за 1.046 илјади денари; ставката Затоплување за 600 илјади денари; ставката Комуникација и транспорт за 114 илјади денари; ставката Тековно одржување за 619 илјади денари и ставката Изградба, реновирање и унапредување за 9.085 илјади денари;
- Ставката Купување на мебел и канцелариска опрема е преценета за 183 илјади денари а за истиот износ е потценета ставката Хортикултурно уредување;
- Ставката Резерви кај Билансот на приходи и расходи е преценета во износ од 162 илјади денари, за кој износ е потценета ставката Други оперативни расходи.

**Препорака:**
При евидентирањето на расходите правилно да се преминува Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план за буџетските корисници.

10.3.7. Ставката Други оперативни расходи е преценета во вкупен износ од 485 илјади денари, за кој износ е потценет вишокот на приходи над расходи поради незаконски исплатени средства во корист на фирмата ХХРМ од Скопје. Општина Кисела Вода има обврска да изврши исплата на надомест за експропријација на земјиште на лицето Чижбановски Раде по решение од Управа за имотно правни работи, наместо исплатата да се изврши во корист на лицето, исплатено е во корист на наведената фирма. На ревизијата не и беа приложени документи (договор за преотстапување на побарувањата), со кои ќе се потврди оправданоста на овој трансфер.

10.3.8. Ставката Трансфери до домаќинства и физички лица е преценета за износ од 290 илјади денари за кој износ е потценет Вишокот на приходи над расходи поради неоснован пренос на средства во корист на сметката на Основната организација на синдикатот на Општина Кисела Вода во вкупен износ од 290 илјади денари спротивно на Законот за буџетите.

**Препорака:**
Да се почитуваат одредбите од Законот за буџетите спротивно на истиот да не се трансферираат средства до институции за кои нема законски основ да се финасираат од буџетот на општината.

10.3.9. Ставката Изградба, реновирање и унапредување е преценета во износ од 924 илјади денари, а е потценет Вишокот на приходи над расходи поради двапати платен износ кон АДГ „Маврово„ и тоа:

- По договор бр. 08-201/3 од 05.03.03 на износ од 2,251 илјада денари и анекс број 03/201/3/1 од 25.11.03 година во вредност од 924 илјади денари за изведба на фекална, атмосферска и водоводна канализација на улици „2„, „2/1„ РЦ Аеродром и приклучоци кон објекти наведени во анексот, и
- По договор број 03-1696/2 од 18.12.03 во вредност од 924 илјади денари за приклучоци на истите објекти наведени во предходно споменатиот анекс.

10.3.10. За искажаните расходи во износ од 56,732 илјади денари на ставката

Изградба, реновирање и унапредување, ревизијата се оградува од реалноста на истите поради некомплетност на приложените документи (непотпишани анекси кон договорите, непотврдени документи од инвеститор, непотврдени документи од надзор, немање на документи за технички прием на одредени објекти, плаќања по ситуации од минати години без да се има аналитичка евиденција по добавувачи и објекти, неевидентирање на инвестиционите објекти и слично), кои се прикажани во Прилог бр.1 на овој Извештај.

**Препорака:**

- Надлежните служби во Општината да воведат аналитичка евиденција по добавувачи и објекти да се следи изградбата на објектот и истиот да се евидентира како инвестиција во тек а со предавањето во употреба како постојано средство со соодветно зголемување на изворите на капитални средства.
- Пред да се започне со изградба да се обезбеди дозвола за изградба и сета потребна документација согласно позитивната законска регулатива.
- Евидентирањето на документацијата да се врши редовно а не кога по истита се плаќа.
- Документите да се уредни: потпишани од надзорен орган, инвеститор и изведувач, прилог градежна книга а со завршната ситуација и документ за прием и предавање во уптреба на објектот.
- Да не се користат формите за плаќање како асигнации, компензаци и цесии бидејќи создаваат можност за измами, грешки, злоупотреби, корупција и набавки по зголемени цени.

10.3.11. На ставката Материјали евидентирани се набавки на потрошен материјал за изградба и одржување на уличното јавно осветлување. Набавките во износ од 1.929 илјади денари во 2004 година се вршени од фирмите Код Инжинеринг и Блаком Инжинеринг со кои нема склучено договори за 2004 година
Доставата на материјали за одржување на уличното осветлување не е конторлирана од страна на надлежни лица од општината затоа што за извршување на набавките се задолжени едни фирми, за одржување на уличното осветлување се задолжени други фирми кои се условени набавките да ги вршат од одредени фирми, а за надзор - трети фирми. Ревизијата не доби уверување дека Општината ги конторолира порачката и потрошокот на овие материјали.

**Препорака:**

Препорачуваме да се воведе поголема контрола во однос на набавките, испораките и заменетите материјали заради поголема ефикасност на извршувањето на програмата и поголема економичност во расходите.

10.3.12. На ставката Основно и специјално одржување и унапредување евидентирани се трошоци по основ на договор број 08-1520/6 од 28.12.2001 година на вредност од 2.682 илјади денари и анекс на износ од 537 илјади денари за изведување на градежни работи на ул.Речиште во с.Драчево. Доставени се две први времени ситуации на износ од 1.563 илјади денари и 439 илјади денари за извршени работи во декември 2001 година. На ревизијата не и беше даден одговор која од приложените времени ситуации е валидна. Во 2004 година по овој договор се платени 500 илјади денари.

10.3.13.Општина Кисела Вода нема изготвено договор или спогодба за поделба на заедничките трошоци со ПЕ на министерствата за регулирање на заедничките трошоци по основ на електрична енергија, вода, затоплување и комуналии. Поради тоа општина Кисела Вода нема податоци за висината на побарувањата по овие основи бидејќи истата и не им испоставува фактури и не ги задолжува корисниците по овој основ.

**Препорака:**
Да се изготви акт со кој ќе се утврдат критериуми за поделба на заедничките трошоци по основ на вода, електрична енергија, комуналии и затоплување и секој во зависност од потрошувачката да учествува во измирувањето на трошоците.

**10.4. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата**

10.4.1. Состојбата на позицијата Парични средства во Билансот на состојбата е преценета за износот на салдото искажано во благајната на 31.12.04 година во износ од 40 илјади денари, за истиот износ е преценет и вишокот на приходи над расходи, поради неусогласеност на фактичката состојба во благајната со книговодствената состојба кое го утврди ревизијата со извршениот увид во благајната.

10.4.2. Во текот на ревизијата е утврдено дека благајникот кој е вработено лице во ПЕ на Министерството за финансии не е овластено лице за подигање на готовина од сметката туку подигањето на средства го вршат лица врабатони во општината. Касовите извештаи благајникот ги изготвува само врз основа на приложени документи за подигнати средства од сметката и приложените сметки за направени расходи. Преку благајната нема трансфер на готовина - пари. Лицата кои подигаат средства се раздолжуваат кога самите сметаат дека е потребно.

**Препорака:**
Ревизијата цени дека квалитетот на благајничкото работење и неговото евидентирање значително ќе се подобри доколку лице овластено за располагање со средствата пропише акт за благајничко работење.

10.4.3. Позицијата Материјални средства во делот на ставката Градежни објекти во Билансот на состојбата е потценета за износ од 1.515 илјади денари за извршените реконструкции на објекти на општина Кисела Вода и тоа:

- За износ од 1.375 илјади денари за реконструкција на бараките во МЗ „11 Октомври„, и
- За износ од 140 илјади денари за извршена реконструкција на барака во населба „Јане Сандански„.

За истиот износ се потценети Изворите на капитални средства во делот на ставката Државен јавен капитал. За извршените реконструкции надлежните лица во сметководството ги немаат спроведено соодветните книжења за зголемување на градежната вредност на објектите на кои е вршена реконструкција.
**Препорака:**
Надлежната служба да изврши евиденција на извршените реконструкции со зголемување на градежната вредност на соодветните објекти.

10.4.4. Позицијата Материјални средства кај ставката Опрема, во Билансот на состојбата е потценета за износ од 144 илјади денари за новите набавки (фотокопирен апарат и компјутерска меморија), за истиот износ е потценета позицијата Извори на капитални средства ставката Државен јавен капитал. За ново набавената опрема надлежните лица во сметководството ги немаат спроведено соодветните книжења за евидентирање на истата.
**Препорака:**
Надлежната служба согласно документацијата со која располага Општината, да изврши евидентирање на ново набавената опрема и да изврши отпис односно пресметување на амортизација согласно годишните стапки за отпис на долгорочните средства за буџетите и буџетските корисниици.

10.4.5. За искажаната состојба на позицијата Материјални средства и Извори на капитални средства во Билансот на состојба ревизијата се оградува од реалноста на истата од причина што не постои аналитичка евиденција и картици за основни средства, нема имотни листи за имотот со кој располага општината, не е целосно спроведено Решението на Владата на Република Македонија број 23-257/50 од 08.02.2000 година за пренесување на право на сосптвеност по делбениот биланс помеѓу Република Македонија и новоформираните општини како и не е извршен попис на градежните објекти.

**Препорака:**

- Општината да обезбеди имотни листи од надлежниот орган односно од Републичката геодетска управа;
- Да се евидентира имотот добиен согласно решението број 23-257/50 од 08.02.2000 година во сметководствената евиденција. За утврдување на вредноста да се формира стручна комисија;
- Потребно е да се изврши обележување (инвентарисување) на основните средства со кои располага Општина Кисела Вода;
- Ревизијата препорачува да се изврши вонреден попис и правилно и реално да се утврди состојбата на постојаните средства.
- Да се обезбеди аналитичка евиденција на секое основно средство и да се отворат картици на основни средства со сите потребни елементи.

## 10.5. Ненаменско и незаконско користење на средства

10.5.1.Неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки:

- Не е спроведена соодветна постапка за јавни набавки во вредност од 491 илјади денари (Прилог бр.2 точка 1).
- Не е донесен план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;
- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност, и
- Не се води посебна евиденција за малите набавки.
- Неспроведување на постапките за јавни набавки создаваат можност за измами, грешки, злоупотреби, корупција и набавки по зголемени цени.

**Препорака:** Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката, а особено:

- Општината до крајот на јануари од тековната година да донесе план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;
- Општината да донесе интерен акт за регулирање на начините на набавките од мала вредност.

10.5.2. Општината секогаш не постапува согласно член 22 од Законот за јавни набавки во смисла на утврдување на максималната цена потребна за вкупната набавка, над која не може да биде прифатена понудата.

10.5.3. Во текот на 2004 година извршени се набавки во вкупен износ од 12.917 илјади денари спротивно на член 45 од Законот за јавни набавки(Сл.весник на РМ 21/02 и 24/03). (Прилог 2 точка 2).

10.5.4. Спротивно на оредбите од член 48 Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ

21/02 и 24/03) и член 72 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ 19/04), извршени се набавки во вкупен износ од 976 илјада денари (Прилог 2 точка 3).

10.5.5. Договорите склучени со фирмите за одржување на улично јавно осветлување содржат одредба со која се условуваат набавките на материјали да ги вршат од фирмите „Код Инжинеринг„ и „Блаком Инжинеринг„.

10.5.6. Изборот на најповолен понудувач во делот за хоритикултурно уредување на просторот на општина Кисела Вода не секогаш го почитува критериумот за најефтина понуда, така што покрај поскапиот договор се склучува и анекс со кој инвестицијата ја прекорачува максимално утврдената цена.

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.2. е преценување на расходите и потценување на вишокот на приходи над расходи за вкупен износ од 4.566 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.3. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од 1. 619 илјади денари.

12. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1 до 10.4., финансиските извештаи на Органот не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на единицата на локална самоуправа Кисела Вода под 31 декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 10.1. до 10.4., кај единицата на локална самоуправа Кисела Вода не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Во врска со Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Кисела Вода за 2001 година, ревизијата утврди дека за наодите од точките 10.1. до 10.12. од страна на субјектот не се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности.

**Скопје, 29.06.2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**ОРГАН НА ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА КИСЕЛА ВОДА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 83,580 | 0 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 57 | 2,525 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 154,843 | 33,248 |
| **Вкупно приходи** | | **238,480** | **35,773** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1 | 13,191 | 12,966 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2 | 58,736 | 13,738 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 4,540 | 1,008 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **76,467** | **27,712** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1 | 161,812 | 4,927 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **161,812** | **4,927** |
| **Вкупно расходи** | | **238,279** | **32,639** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **201** | **3,134** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **201** | **3,134** |
| **Рапоредување на вишокот на приходи - добивката** | | **0** | **0** |
| Дел од нето вишокот на приходите-добивката за поврaќај на буџетот односно фондот | | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | | | |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | | **0** | **0** |

**ОРГАН НА ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА КИСЕЛА ВОДА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 201 | 3,134 |
| **Вкупно тековни средства** | | **201** | **3,134** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.1.2. | 14,684 | 14,684 |
| **Вкупно постојани средства** | | **14,684** | **14,684** |
| **Вкупна актива** | | **14,885** | **17,818** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 201 | 3,134 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **201** | **3,134** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.2.2. | 14,684 | 14,684 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **14,684** | **14,684** |
| **Вкупна пасива** | | **14,885** | **17,818** |

**ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА КИСЕЛА ВОДА**
**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал(залихи на материјали,резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2004 година** | **14,677** | **7** | **14,684** |
| **Зголемување по основ на:** | | - | - |
| Набавки | | - | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | - | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - | - |
| **Намалување по основ на:** | - | - | - |
| Отпис на капитални средства | - | - | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - | - |
| Ревалоризација на природни богатства | - | - | - |
| | - | - | - |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **14,677** | **7** | **14,684** |